## II. ТЕХНИЧКА СПЕЦИФИКАЦИЈА ЗА ТЕЛЕФОНИЈА :

-Времетраење на Договор од 24 месеци.
- Набавката се однесува за минимум 30 мобилни претплатнички линии со можност за зголемување. За активација на дополнителни линии, над овие 30, потребно е одобрување од економскиот оператор.

**МОБИЛНА ТЕЛЕФОНИЈА:**

- Сите СИМ картички да бидат во иста група во рамките на компанијата (CUG) и по линија задолжително да има неограничени бесплатни минути секој месец за разговори во рамките на компанијата (не смее да има никаков надомест).
- Моменталните претплатнички броеви да бидат пренесени заедно со префиксот (НДК бројот – Националниот Дестинациски Код) во мобилниот оператор кој што ќе биде избран како најповолен понудувач.
- Услугата за телефонски повици Понудувачот треба да ја нуди на целата територија на РМ.
- Цените на сите останати услуги кои не се содржани во финансиската понуда на носителот на набавката, истиот ќе ги обезбедува по цени не повисоки од официјалните цени за постпејд.
- Целосно покривање на трошоци за преносливост на броеви при евентуална промена на операторот.
- Надоместок за воспоставување на повик кон сите национални мрежи не смее да се наплатува.

**Економкиот оператор треба да понуди тарифен модел со месечна претплата до 370 денари без вклучен ДДВ- се однесува за набавка на 30 мобилни претплатнички линии.**

- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени неограничено минути/месечно за разговори кон сопствена мрежа на операторот.
- Во рамките на тарифниот модел да се вклучени минимум 3000 минути/месечно за разговори кон останати национални мобилни и фиксни мрежи.
- Во рамки на тарифниот модел да се вклучени неограничено бесплатни СМС пораки кон сите национални мрежи.
- Цената на минута разговор кон останатите национални мобилни мрежи и фиксни мрежи не смее да биде повисока од 2,0 денарибез вклучен ДДВ/минута.
- Понудениот износ за субвенција по претплатничка линија да биде минимум 4.000 денари без вклучен ДДВ.